превземено од www.pravo.org.mk

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ТОПОГРАФИЈАТА НА ИНТЕГРАЛНИТЕ КОЛА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.53 од 21.03.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за заштита на топографијата на интегралните кола („Службен весник на Република Македонија" број 5/98 и 33/2006 и 136/11), членот 6 се менува и гласи:
"Во управната постапка што се однесува на заштитата на топографијата во прв степен Заводот донесува решение.
Против решението од ставот 1 на овој член, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.".

**Член 2**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".